# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 4
30 март 2023 година

Година LX


СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 156. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Фекална канализација во населба Железничка и дел од индустрија во опфатот“ - Општина Штип. | 280 |
| 157. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Фекална канализација во населба Железничка и дел од индустрија во опфатот“ - Општина Штип. | 280 |
| 158. | Решение за објавување на Програма за извршување на јавни работи во Општина Штип за 2023 година. | 281 |
| 159. | Програма за извршување на јавни работи во Општина Штип за 2023 година. | 282 |

| | | |
|---|---|---|
| 160. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2023 година. | 284 |
| 161. | Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2023 година. | 284 |
| 162. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година. | 286 |
| 163. | Програма за дополнување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година. | 286 |
| 164. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за изработка на урбанистички проект. | 288 |
| 165. | Заклучок за давање на позитивно мислење за изработка на урбанистички проект. | 289 |
| 166. | Решение за објавување на Одлука за техничка исправка на ДУП за Дел од МЗ-3 Горно Маало ГП 5.6 КО Штип 5 Општина Штип. | 290 |
| 167. | Одлука за техничка исправка на ДУП за Дел од МЗ-3 Горно Маало ГП 5.6 КО Штип 5 Општина Штип. | 290 |
| 168. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност на Општина Штип (PEFA). | 291 |
| 169. | Заклучок за усвојување на Извештај за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност на Општина Штип (PEFA). | 292 |
| 170. | Решение за објавување на Програма за измена на Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Штип за 2023 година. | 292 |
| 171. | Програма за измена на Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Штип за 2023 година. | 293 |
| 172. | Решение за утврдување на престанок на функцијата–вршител на должност директор на ООУ„Димитар Влахов“-Штип. | 294 |

| | | |
|---|---|---|
| 173. | Решение за именување на вршител на должноста-директор на ООУ „Димитар Влахов“-Штип | 295 |
| 174. | Решение за разрешување на вршител на должноста директор на ООУ „Димитар Влахов“ - Штип | 297 |
| 175. | Решение за именување на вршител на должноста-директор на ООУ „Димитар Влахов“ - Штип | 298 |

156.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА ЖЕЛЕЗНИЧКА И ДЕЛ
ОД ИНДУСТРИЈА ВО ОПФАТОТ“ - ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Фекална канализација во населба Железничка и дел од индустрија во опфатот“ - Општина Штип.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2272/2 | Општина Штип
29 март 2023 година | Градоначалник

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

157.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО
НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА ЖЕЛЕЗНИЧКА И ДЕЛ
ОД ИНДУСТРИЈА ВО ОПФАТОТ“ - ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализацијата на проектот „Фекална канализација во населба Железничка и дел од индустрија во опфатот“-Општина Штип со сопствено учество во износ од 8.455.564,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 2

Проектот „Фекална канализација во населба Железничка и дел од индустрија во опфат“ ќе биде аплициран до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Данокот на додадена вредност во одобрениот износ е обврска за плаќање на Општина Штип како подностител на барањето.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2272/1
28 март 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

158.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА
ЈАВНИ РАБОТИ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за извршување на јавни работи во Општина Штип за 2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2273/2
29 март 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

159.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на на РМ“ број 5/2002) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), а во врска со член 83 и 84 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на РМ“ број 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/2010, 88/2010, 51/2011, 11/2012, 80/2012, 114/2012, 39/2014, 44/2014, 113/2014, 56/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 27/2016, 119/2016, 21/2018 и 113/2018 и „Службен весник на РСМ“ број 124/2019, 103/2021 и 274/2022), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ
# ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Со оваа Програма поконкретно се утврдуваат целите на програмата, видот и обемот на јавните работи кои ќе се организираат, целна група, опфат на корисници, условите и критериумите за работно ангажирање, потребни средства и извори на средства за реализација на програмата.

II

Општина Штип со оваа програма ќе организира јавни работи преку работно ангажирање на невработени лица.

Целта на програмата е преку организирањето на јавните работи и работното ангажирање на невработени лица да се обезбеди навремено и квалитетно извршување на комуналните услуги, економски и социјален бенефит за невработените лица, можност за континуирано работно ангажирање и можност за вработување, како и намалување на стапката на невработеност сиромаштијата и економски развој на општината, обезбедување на посовремени услови за живот и работа на граѓаните преку обновување и уредување на јавната инфраструктура и одржување на животната средина.

III

Јавните работи ќе се организираат во областите од:

- Во ЈП „Исар“ ќе се организираат работи и тоа одржување на чистотата на јавно прометните површини, метење на јавно прометните површини во општината, извршување на општи работи за одржување на зелените површини и спортските терени, вршење на припремни и земјени работи за изведба реконструкција и приклучување на водоводната и канализационата мрежа, вршење на припремни и земјени работи за отстранување на дефекти на водоводната и канализационата мрежа и вршење на градежни работи.
- Во ЈП „Стипион 2011“ ќе се организираат работи поврзани со чистење на локации, одржување на комунални објекти, одржување на хигиена на јавни површини и фарбање , чистење на атмосферски канали.

IV

Со програмата се планира да бидат опфатени долгорочно евидентирани невработени лица, ниско квалификувани невработени лица, повозрасни невработени лица (над 55 години) и други лица од евиденција на невработени, преку ангажирање за вршење на јавните работи од оваа програма.

Максималниот број на ангажирани лица ќе биде 30 (триесет) лица во јавните претпријатија и тоа во ЈП „Исар“ и ЈП „Стипион 2011“. Општите работници ќе бидат ангажирани за период не подолг од 8 месеци.

V

Невработените лица ќе бидат ангажирани согласно член 83, 84 и 85 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

За време на ангажирањето на лицата-општи работници ќе им се обезбеди финансиска поддршка, односно бруто месечен паричен надоместок во износ од 13.333,00 денари по ангажирано лице, со платен персонален данок на доход. Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу општината и невработените лица.

VI

За спроведување на оваа програма потребни се финансиски средства, во износ од 3.199.920,00 денари за финансиска поддршка на ангажираните лица (со платен персонален данок на доход).

VII

Средствата за спроведување на оваа програма во износ од 3.199.920,00 денари ќе се обезбедат од Буџет на Општина Штип за 2023 година.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2273/1 Совет на Општина Штип
28 март 2023 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

160.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2274/2 Општина Штип
29 март 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

161.

Врз основа на член 95 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19, 90/20 и 101/21), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната

инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ" број 193/16 и 72/18) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2023 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2023 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 20/22, 02/23 и 03/23) во точка **7.2 Работи поврзани со уредување на градежно земјиште, реконструкција и рехабилитација на улици,** во потточката **7.2.1. Улици,** се додаваат нови алинеи кои гласат:

- рехабилитација/асфалтирање на дел од улица „Корушка“;
- рехабилитација/асфалтирање на дел од улица „Радански пат“ (од Елкос до Палестина);
- рехабилитација/асфалтирање на пристапна улица во месност „Кумлак“.

Во потточката **7.2.2. Тротоари,** се додава нова алинеја која гласи:

- на улица „Енгелсова“ во населба 8-ми Ноември.

Во потточка **7.2.3 Реализација на партерни уредувања** се додаваат нови алинеи кои гласат:

- партерно уредување на простори во населба 8-ми Ноември на улица „Енгелсова“;
- партерно уредување на простор позади станбени згради на улица „Христијан Карпош“ број 39 и 41 до улица „Славчо Стојменски“;
- партерно уредување на простор кај станбени згради на улица „Борис Крајгер“ под дукани на улица „Сремски Фронт“;
- партерно уредување на простор кај станбени згради со број 14, 16, 18, 20, 22 и 24 улица „Сремски Фронт“ над дукани на улица „Сремски Фронт“;
- партерно уредување на простор кај станбени згради кај улица „Пиринска“ спроти објектот на ЕВН подружница Штип на КП број 4129.

II

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2274/1
28 март 2023 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

162.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2275/2
29 март 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

163.

Врз основа на член 40 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА

НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансисрање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/23), во делот **3. Програмски задачи,** во точка **3.1 Програмски задачи финансирани од Буџетот на Општина Штип**, во потточката **1. Генерален урбанистички план**, се врши дополнување со една нова алинеја која гласи:

- „Измена и дополнување на ГУП за Урбана четврт СЕ 04 и СЕ 03

П=250 ха“

II

Во точката **3.2 Програмски задачи финансирани од заинтересирани инвеститори**, се врши дополнување со единаесет (11) нови алинеи кои гласат:

- „Изработка на Детален урбанистички план за урбана четврт СИ 07.05 и СИ 07.10 од ГУП на град Штип со намена А-домување

П=26.6 ха

- Изработка на Детален урбанистички план за урбана четврт СИ 05.06 од ГУП на град Штип со намена А-домување

П=6.3 ха

- Изработка на Детален урбанистички план за дел од урбан четврт ЦЕ 01.01 со намена А-домување

П=0,7 ха

- Изработка на Детален урбанистички план за Урбана четврт ЦЕ 03.01, КО Штип-5, со намена Е2

П= 6.7 ха

- Изработка на Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ.01.05 со намена А, Б И В, Општина Штип

П=3.6 ха

- Изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбана четврт СЕ.05.01 со намена Г, Општина Штип

П=18.3 ха

- Детален урбанистички план за Урбана четврт С3.05 со намена А, Б и В, Општина Штип

П=8.06 ха

- Детален урбанистички план за Урбана Четврт С3.03 со намена Б, В и Г, Општина Штип

П= 31.7 ха

- Детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЦЕ.05.01, со намена „А“ - Домување, Општина Штип

П= 7.5 ха

- Детален урбанистички план за Урбана четврт ЈЗ 01.01 и ЈЗ 01.02 со намена Г, Општина Штип

П=35.8 ха

- Детален урбанистички план за дел од Урбана четврт ЈИ 02 со намена Б и В, Општина Штип

П=0.4 ха“

III

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2275/1
28 март 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

164.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
## ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ
## ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

I

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење за изработка на урбанистички проект.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2276/2 Општина Штип
29 март 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

165.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ
ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

I

Се дава позитивно мислење за изработка на следната урбанистичка документација:

- Измена и дополнување на ГП 16.1.1 од Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 16.1, со намена Д3-Теренски градби за спорт и рекреација од ДУП за дел од УЕ 16, 17, 19 и 22 - Општина Штип

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2276/1 Совет на Општина Штип
28 март 2023 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

166.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА
НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ – 3 ГОРНО МААЛО
ГП 5.6 КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за техничка исправка на ДУП за Дел од МЗ-3 Горно Маало ГП 5.6 КО Штип 5 Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2277/2
29 март 2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

167.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ – 3 ГОРНО МААЛО
ГП 5.6 КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во табелата во која се дадени нумерички параметри за градежните парцели во важечки ДУП за Дел од МЗ – 3 Горно Маало, ГП 5.6 КО Штип 5, Општина Штип, вредностите:

„

| Број на парцела | Намена | Макс. Висина | Површина на парцела (m2) | Површина на градба (m2) | Бруто развиена површина (m2) | Процент на изграденост (%) | Коефицент на искористеност | Бр. на паркинзи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 9m | 393,00 | 117 m2 | 351 m2 | 29,70% | 1,6 | |

“

се менуват и гласат:

„

| Број на парцела | Намена | Макс. Висина | Површина на парцела (m2) | Површина на градба (m2) | Бруто развиена површина (m2) | Процент на изграденост (%) | Коефицент на искористеност | Бр. на паркинзи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.6 | А1 | Н=9m | 388,00 | 117,00 | 351,00 | 30% | 0,90 | |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2277/1
28 март 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

168.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ОЦЕНКА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ЈАВНИТЕ РАХОДИ И ФИНАНСИСКАТА ОДГОВОРНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП (PEFA)

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај за оценка на перформансите на јавните раходи и финансиската одговорност на Општина Штип (PEFA).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2278/2
29 март 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

169.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ОЦЕНКА НА
ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ЈАВНИТЕ РАХОДИ И ФИНАНСИСКАТА
ОДГОВОРНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП (PEFA)

I

Се усвојува Извештајот за оценка на перформансите на јавните раходи и финансиската одговорност на Општина Штип (PEFA).

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-2278/1
28 март 2023 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

170.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА
НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за измена на Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Штип за 2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2279/2
29 март 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

171.

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ број 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на РСМ“ број 257/20) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Во Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Штип за 2023 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/23), текстот „За спроведување на оваа програма општината има предвидено средства во Буџетот за 2023 година во износ од 2.000.000,00 денари.“ се заменува со текстот „За спроведување на оваа програма општината има предвидено средства во Буџетот за 2023 година во износ од 2.200.000,00 денари.“.

II

Во табелата на Акциониот план за спроведување на активностите од Програмата за заштита на населението од заразни болести за 2023 година, во

точка 5, 6, 7 и 8, броевите „1.980.000,00“, се заменуваат со броевите „2.180.000,00“.

На крајот од табелата, броевите „2.000.000,00“ се заменуваат со броевите „2.200.000,00“.

III

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2279/1
28 март 2023 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова

172.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 22.02.2023 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА –
ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ -ШТИП

1. На вршителот на должноста директор на ООУ „Димитар Влахов“ Штип Невенка Величкова, одделенски наставник, се утврдува престанок на функцијата вврршител на должноста директор поради поминати шест месеци од именување заклучно со 22.02.2023 година.
2. Разрешувањето се врши врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20).
3. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.
4. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.
5. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за **именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Димитар**

**Влахов“ Штип** од Градоначалникот на Општина Штип бр. 09-1176/8 од 19.08.2022 година.

6. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 22.02.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Вршителот на должноста директор на ООУ „Димитар Влахов“ Штип Невенка Величкова, одделенски наставник, се разрешува поради поминати шест месеци од именување на вршител на должноста директор заклучно со 22.02.2023 година.

Врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование, Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување и исто лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должноста директор на основно училиште.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-1442/1 Општина Штип
22.02.2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

173.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 118, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 22.02.2023 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА
- ДИРЕКТОР НА ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

1. За вршител на должноста- Директор на ООУ„Димитар Влахов“ -Штип, се именува:

**– Дејан Здравков, одделенски наставник**

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ„Димитар Влахов“ Штип, а стапува на должност од 23 февруари 2023 година.
3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.
4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се до изборот на директор на ООУ„Димитар Влахов“ Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.
5. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Од причина што настапија услови кои доведоа до разрешување на директорот на ООУ „Димитар Влахов“ – Штип, со Решение број 09-1442/1 од 22.02.2023 година Градоначалникот на Општина Штип, започна постапка за именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Димитар Влахов“ - Штип.

Од редот на вработените во ООУ „Димитар Влахов“ – Штип, вработениот на неопределено време во истото основно училиште Дејан Здравков, на работно место одделенски наставник, се именува за вршител на должност Директор на ООУ „Димитар Влахов“ – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се’ до именување на нов директор, а за тој временски период работното место му се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-1442/2 | Општината Штип
22.02.2023 година | Градоначалник,

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

174.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 116, став 1, алинеја 1 и член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 03.03.2023 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА
ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ" - ШТИП

1. Се разрешува вршителот на должноста директор на ООУ Димитар Влахов" - Штип Дејан Здравков, наставник по одделенска настава, на негово барање, заклучно со 03.03.2023 година.
2. Разрешувањето се врши врз основа на член 116, став 1, алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20).
3. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.
4. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.
5. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за **именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Димитар Влахов" Штип** од Градоначалникот на Општина Штип бр. Број 09-1442/2 од 22.02.2023 година.
6. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 03.03.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Вршителот на должноста директор на ООУ „Димитар Влахов" Штип Дејан Здравков, наставник по одделенска настава, се разрешува на негово барање заклучно со 03.03.2023 година.

Врз основа на член 116, став 1, алинеја 1 од Законот за основното образование, директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако тоа сам го побара.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина

Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-1442/4
03.03.2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

175.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 118, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 03.03.2023 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА
- ДИРЕКТОР НА ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ - ШТИП

1.За вршител на должноста- Директор на ООУ„Димитар Влахов“ -Штип, се именува:

**– Невенка Величкова, одделенски наставник**

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ „Димитар Влахов“ Штип, а стапува на должност од 03 Март 2023 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се до изборот на директор на ООУ„Димитар Влахов“ Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Од причина што настапија услови кои доведоа до разрешување на директорот на ООУ „Димитар Влахов“ – Штип, со Решение број 09-1442/4 од 03.03.2023 година Градоначалникот на Општина Штип, започна постапка за именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Димитар Влахов“ - Штип.

Од редот на вработените во ООУ „Димитар Влахов“ – Штип, вработената на неопределено време во истото основно училиште Невенка Величкова, на работно место одделенски наставник, се именува за вршител на должност Директор на ООУ „Димитар Влахов“ – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се’ до именување на нов директор, а за тој временски период работното место му се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-1442/5
03.03.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.